На 30.03.2023 година, Националниот превентивен механизам (НПМ) спроведе редовна ненајавена посета на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ во с. Банско, Струмица.

Целта на посетата, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Во оваа смисла, за време на посетата беа извршени разговори со службени лица и корисници на услугите на Заводот, беше извршен увид во службените простории, сместувачките единици, како и во останатите простории во склоп на установата, а беше извршен увид и во дел од службената документација.

Тимот на НПМ наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“, при што беше овозможен непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

Од разговорот со службените лица беше констатирано дека актуелниот број на вработени не е доволен за соодветно функционирање на установата и дека е потребно зголемување на персоналот.

Во однос на сместувачките капацитети беше констатирано дека Заводот функционира во два објекта и тоа, еден постар, изграден (1974 г.), а вториот понов, изграден 2002 г. кој е организиран во индивидуални апартмани каде се сместени дел од корисниците кои имаат поголема самостојност во грижата за себе.

При извршениот увид во службените простории, сместувачките капацитети и останатите простории, тимот на Националниот превентивен механизам не забележа сомнителни предмети со коишто би можело да се врши заплашување или малтретирање врз корисниците, а и во разговорите со корисниците не беа добиени наводи за несоодветно постапување спрема нив.

За извршената посета Националниот превентивен механизам ќе подготви посебен извештај во кој ќе ја нотира утврдената фактичка состојба и ќе даде соодветни препораки до надлежните власти со цел подобрување на констатираното.